**Марија Цилакова**

---

**From:** [redacted]
**Sent:** петок, 13 јуни 2025 21:33
**To:** Марија Цилакова; Магдалена Грубор; Даниела Саздова; Фросина Маџарова
**Subject:** БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
**Attachments:** Prilog.pdf

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Прим. 17-06-2025
Орг. един.
26-3277/1 1

Почитувани,

На 18 Март 2025 и 25 Април 2025, до Одделението за инспекциски надзор (Градежна испекција) при Општина Велес, поднесени се две пријави / иницијативи за поведување на инспекциска постапка за бесправно извршување на градежни работи на ул Борис Карпузов бр7, дел од нив на ЈАВНА површина. На 07 Мај 2025 добиен е допис од Овластен градежен инспектор дека врз основа на спроведен инспекциски надзор **констатирани се неправилности и дека постапката е во тек**.
Копии од овие преписки се прикачени во прилог на овој меил.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Ве молам за објанување какво значење има исказот „постапката е во тек“? Кои се следни фази во процесот согласно Законот за градење?
- Дали има временска рамка за целосно завршување на постапката и донесување на конечна одлука? Доколку има, кој е временскиот рок за ова?
- Дали може да добијам копија од конечната одлука (решение) со извршен карактер?
- Во случај да има донесено ОДЛУКА / РЕШЕНИЕ, дали има законски рок до кога треба да се отстрани бесправно изградениот објект? Што доколку се одбива истиот да биде отстранет?
- Дали имам право на жалба во случај да не се согласувам со содржината на донесената одлука? Кој би бил процесот во тој случај?
- Колку бесправно изградени објекти од страна на приватни лица се остранети од страна на Општина Велес во 2024 и 2025?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- електронски запис пратен како одговор на ова барање на оваа е-адреса

Начин на доставување на информацијата:
- е-маил

Со почит,
[redacted]